ПРАВИЛА НА НАГРАДНАТА ИГРА „ДОБРА АВАНТУРА: ИСЛАНД ЗА ДВАЈЦА”

ПРИРЕДУВАЧ НА НАГРАДНАТА ИГРА
Член 1

Приредувач на наградната игра „ДОБРА АВАНТУРА: ИСЛАНД ЗА ДВАЈЦА” (во понатамошниот текст: наградна игра) е Друштво за трговија и услуги МАГРОНИ ДОО Скопје со седиште на ул. Столтенбергова бр.2 Скопје (во понатамошниот текст: Приредувач). Наградната игра ќе се спроведе по добивање дозвола од Министерството за финансии, согласно важечките пропис.

ИМЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА
Член 2

Името на наградната игра е „ДОБРА АВАНТУРА: ИСЛАНД ЗА ДВАЈЦА”.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА
Член 3

Наградната игра трае 56 календарски дена, од 07.12.2026 година во 00:00:01 часот до 31.01.2027 година во 23:59:59 часот. Во извлекувањето учествуваат само навремено поднесени пријави кои ги исполнуваат овие Правила.

МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА
Член 4

Наградната игра се организира и се спроведува на целата територија на Република Северна Македонија.

ЦЕЛ НА НАГРАДНАТА ИГРА
Член 5

Целта е промоција на производите од трговската марка Dobra Voda, без ограничување на видот (Active, Wellness, Balance, газирана, медиум, и лимон) и волуменот (0.33л.; 0.5л.; 1л.; и 1.5л.)

ПРАВО НА УЧЕСТВО
Член 6

Право на учество во наградната игра имаат сите физички лица со навршени 18 години, жители на Р.С.Македонија (во понатамошниот текст „учесници”), кои ги прифаќаат условите на овие Правила и кои за време на наградната игра ќе купат најмалку три (3) производи Dobra Voda од член 5 евидентирани на една иста валидна фискална сметка издадена на продажно место на територијата на Република Северна Македонија во периодот од член 3.

Со пријавувањето, учесниците потврдуваат дека се целосно запознаени со одредбите на овие Правила и ја изразуваат својата согласност за прифаќање на истите.

НАЧИН НА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА
Член 7

Во наградната игра „ДОБРА АВАНТУРА: ИСЛАНД ЗА ДВАЈЦА” може да учествуваат со купување на најмалку три (3) производи од трговската марка Dobra Voda, без ограничување на видот (Active, Wellnes, Balance, газирана, медиум, и лимон) и волуменот (0.33л.; 0.5л.; 1л.; и 1.5л.), преку официјалната страница www.dobravoda.com.mk и во формуларот ги внесуваат следните податоци: (1) име; (2) презиме; (3) телефонски број за контакт; (4) број на фискалната сметка; (5) датум на купување; и (6) време на купување — час и минута — како што се наведени на сметката.

Секој учесник во наградната игра е должен оригиналната читлива фискалната сметка да ја чува до крајот на наградната игра, односно до подигнувањето на потенцијалната награда, како услов за да ја добие наградата.
Едно лице може да учествува во наградната игра неограничен број пати, но со испраќање на различна, валидна и претходно нерегистрирана фискална сметка што ги исполнува условите за учество. Секоја фискална сметка може да се користи само еднаш.

Сите испратени фискални сметки и целосно пополнети формулари ќе бидат верификувани. По верификувањето, секој учесник во наградната игра ќе добие повратен одговор во вид на нотификација за успешно пријавување и единствен идентификациски број на пријавата, која ќе се појави на страната www.dobravoda.com.mk.

Системот нема да го евидентира пријавувањето во наградната игра како успешно и ќе сугерира до потенцијалниот учесник дека пријавувањето е неуспешно, во следните ситуации:

- Кога фискалната сметка е испратена пред почетокот на наградната игра, наведен во член 3
- Кога фискалната сметка е испратена по завршување на наградната игра, наведен во член 3
- Кога е испратена фискална сметка чија што комбинација од број на фискална сметка, датум на купување и време на купување (час и минута) е веќе регистрирана во системот
- Кога формуларот за пријавување е нецелосно пополнет, според овој член.

ЗАБРАНА ЗА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА
Член 8

Не можат да учествуваат вработените во ДТУ МАГРОНИ ДОО Скопје и ДТУ МОТИОН ДОО Скопје, лицата непосредно ангажирани во организирање или извлекување и членовите на нивните потесни семејства.

ЗАПОЗНАВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ СО ПРАВИЛАТА НА НАГРАДНАТА ИГРА
Член 9

По добивање на дозволата од Министерство за финансии, учесниците ќе бидат известени за начинот и условите за учество во наградната игра преку објавување на правилата на веб страницата www.dobravoda.com.mk. Информации може да се објавуваат и преку социјалните медиуми и промотивни материјали на продажните места (лифлети или постери или воблери или прајс-тагови или шелф-токери). Меродавни се одобрените и јавно објавените правила.

НАГРАДЕН ФОНД
Член 10

Наградната игра располага со следниот фонд на награди:

- Едно пакет-патување за две лица во Исланд – 7 денови – во период од 10.04.2027 до 16.04.2027

Опис	**Количина**	**Вкупна цена со вклучено ДДВ**
Едно пакет патување за две лица во Исланд – 7 денови – од 10.04.2027 до 16.04.2027	1	202.616,00
Вкупно		**202.616,00**

Вредноста опфаќа основен пакет за две лица и вклучени факултативни излети за две лица, според понудата од агенцијата ЦЕЛ СВЕТ ДОО Скопје (Jungle Tribe). Патувањето е во фиксен

термин и не подразбира право на потенцијалниот добитник на самостојно менување на терминот на патувањето.Наградата е единствен и неделив пакет. Не може да се замени за пари или други награди по барање на потенцијалниот добитник.

Во случај на откажување на патувањето од страна на туристичката агенција, промена на терминот на патување или други измени во туристичкиот аранжман, добитникот понатамошната комуникација и усогласувањето на сите детали поврзани со реализацијата на патувањето ги врши директно со туристичката агенција ЦЕЛ СВЕТ ДОО Скопје (Jungle Tribe), како организатор на патувањето.

МАГРОНИ ДОО Скопје, како приредувач на наградната игра, не сноси одговорност за измени, откажувања или пропусти во реализацијата на туристичкиот аранжман што се исклучиво во надлежност и одговорност на туристичката агенција, освен во случаите кога таквата одговорност произлегува од задолжителните законски одредби.

Лични трошоци, патни исправи, визи и осигурување, се на товар на патниците.

ИЗВЛЕКУВАЊЕ НА НАГРАДАТА
Член 11

Добитникот на наградата ќе биде извлечен на 03.02.2027 во 13:00 часот по случаен избор со помош на компјутерска програма-софтвер за извлекување, која ќе избира од базата на податоци по основ на пратени валидни фискални сметки. Софтверот за испраќање фискални сметки на веб страницата www.dobravoda.com.mk е изработен од: ДТУ МОТИОН ДОО, ул. Никола Вапцаров 20/1, Центар, Скопје.

Се извлекуваат еден главен и еден резервен добитник по редослед. Извлекувањето го надгледува комисија од претставник на МАГРОНИ и претставник на МОТИОН, со записник за методот, датумот, времето и идентификациските броеви. Резервниот добитник се активира само по документирано утврдување дека претходниот не ги исполнува условите и доколку тоа е дозволено со важечките прописи.

Доставената фискална сметка и податоците треба да соодвествуваат со фискалната сметка и податоците испратени на веб страната www.dobravoda.com.mk од каде што е извлечен како добитник.

По автоматското извлекување, добитникот ќе биде објавен на www.dobravoda.com.mk во рок од три дена од извлекувањето, со споделување на телефонскиот број со заштитени последни три бројки.

Член 12

Добитникот на награда ќе биде известен на телефонски број преку СМС порака или ќе биде контактиран телефонски од страна на приредувачот.

Добитникот на наградата треба да се јави во дирекцијата на приредувачот на наградната игра МАГРОНИ ДОО Скопје на ул.Столтенбергова бр.2, најдоцна во рок од 15 дена од објавување на добитникот, секој работен ден, од понеделник до петок, од 08:00 до 16:00 часот.

Приредувачот не може и нема да биде одговорен, доколку добитникот поради било која причина, не е достапен во наведениот период, по што тој/таа го губи правото на наградата. Приредувачот нема да има дополнителни одговорности кон добитникот.

ДАНОЧНИ ОБВРСКИ НА ДОБИТНИЦИТЕ НА НАГРАДИТЕ
Член 13

Приредувачот е одговорен за сите даноци, надоместоци и финансиски одговорности поврзани со наградата вклучувајќи го и персоналниот данок на доход. Добитникот ќе ги достави законски неопходните податоци за исполнување на тие обврски.

ПРИГОВОРИ НА УЧЕСНИЦИТЕ
Член 14

Незадоволниот учесник има право да поднесе писмен приговор до приредувачот на наградната игра, во рок од 5 (пет) дена од денот на објавување на добитникот и тоа на адреса ул. Столтенбергова бр.2 Скопје.

Приредувачот е должен писмено да одговори на приговорот во рок од 5 (пет) дена од приемот на истиот.

ОДГОВОРНОСТ
Член 15

Потенцијалниот учесник во оваа наградна игра разбира и се согласува да учествува во наградната игра согласно наведените правила.

Приредувачот не одговара во случај кога добиената награда не може да биде доделена поради неможност потенцијалниот добитник да се јави и да ја добие наградата во определениот рок или поради други технички или правни пречки поврзани со конкретниот добитник и поради околности предизвикани од виша сила, нормативни или законски ограничувања или други околности.

ПРЕСТАНОК НА ОБВРСКИТЕ
Член 16

Од моментот на преземање на наградата, престануваат сите обврски на приредувачот кон добитникот на наградата.

ПРЕКИН НА НАГРАДНАТА ИГРА
Член 17

Наградната игра може да се прекине само во случај ако настапат околности за кои приредувачот на наградната игра не е одговорен, односно ако постојат околности кои приредувачот не можел да ги спречи, отстрани или избегне, а по добиена согласност и известување од страна на Министерството за финансии. Учесниците во наградната игра ќе бидат навремено известени на официјалната веб-страница.

ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ
Член 18

Со самото испраќање на фискалната сметка преку веб страницата www.dobravoda.com.mk, учесникот се согласува неговите лични податоци (1) име; (2) презиме; (3) телефонски број за контакт, да бидат обработувани од страна на приредувачот со цел за учество во наградната игра.

Во согласност со Правилата, доколку учесникот биде известен дека е добитник на наградата, истиот се согласува неговите лични податоци да бидат обработувани од страна на приредувачот за остварување на легитимни цели односно законски обврски (име и презиме, адреса на живеење со улица и број, место и општина, место на престој како и ЕМБГ за доделување на добиената награда).

Ова вклучува собирање, евидентирање, организирање, чување, приспособување или промена, повлекување, консултирање, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, изедначување, комбинирање, блокирање, бришење или уништување на личните податоци. Обработката и преносот на податоци од страна на приредувачот на наградната игра е со цел да се оствари промоција на производите и услугите кои се предмет на оваа активност односно полесно да се реализира и обработи секој учесник индивидуално во наградната игра во согласност со овие Правила.

Со учество во наградната игра, добитникот може дополнително да даде и согласност да биде фотографиран и снимен, а неговите фотографии и снимен материјал да се обработуваат за целите на наградната игра и истите да се објавуваат на медиуми (пишани, електронски, телевизија и др.)

Врз основа на оваа согласност, а доколку не постои друг законски основ, податоците ќе се чуваат согласно Законот за заштита на лични податоци и другите позитивни прописи во Р.С.Македонија.

Приредувачот се обврзува дека по исполнувањето на целите на наградната игра односно завршување на сите активности предвидени со овие Правила, согласно прописите за заштита на личните податоци во Р.С. Македонија, ќе пристапи кон уништување на личните податоци за кои нема законски или друг основ за натамошна обработка и чување.

Учесниците имаат право во секој момент да побараат нивните лични податоци да бидат избришани, како и да побараат информација од Приредувачот на наградната игра во врска со обработката на нивните лични податоци.

Приредувачот нема да ги употребува личните информации за никаква друга цел, освен за потребите на наградната игра. Личните податоци ќе бидат споделени со трета страна чие што учество во наградната игра е неизбежно, кои се обврзуваат да ги чуваат и обработуваат овие податоци согласно законот.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
Член 19

Учесникот кој учествува во наградната игра ги прифаќа правата и обврските кои произлегуваат од Правилата на наградната игра. Правилата на наградната игра ги пропишува приредувачот на наградната игра, а истите се применуваат по добиената согласност која ја дава Министерството за финансии на Р.С.Македонија.

Правилата на наградната игра, со цел запознавање на потенцијалните учесници на истата, ќе бидат објавени јавно на веб страницата www.dobravoda.com.mk пред почетокот на наградната игра. За сите дополнителни информации или евентуални технички проблеми при пополнување на формуларот можат да се јават на инфо бројот 02 3 228458 секој работен ден од понеделник до петок од 8:00 до 16:00ч и на e-mail адресата magroni@magroni.com.mk

РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЕВЕНТУАЛНИ СПОРОВИ
Член 20

Договорните страни се согласни сите спорови кои ќе произлезат од наградната игра да се решат спогодбено, а во спротивно надлежен е Основниот граѓански суд во Скопје.

Приредувач
МАГРОНИ ДОО Скопје

Управител
Кире Ивановски